Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 50, 1 декември 2010 година

декември 2010 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за областа машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........11

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен доцент за подрачјето машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област микробиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........18

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........22

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреднен професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........58

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент група биологија, научна област биохемија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........73

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област маркетинг на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип........77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ КЛИНИЧКА МЕДИЦИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип донесе Одлука број 2502-89/7 од 23.8.2010 год. за распишување на Конкурс за избор на наставник во насловно звање ***доцент/вонреден професор*** за наставно-научното подрачје ***клиничка медицина*** на Факултетот за медицински науки. На 7.10.2010 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-105/6 и Решение бр. 2502-105/24 (претседател), 2502-105/25 (член) и 2502-105/26 (член) за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање *доцент/вонреден професор* за наставно-научното подрачје *клиничка медицина* на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

1. д-р Никола Силјановски, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, претседател;
2. д-р Никола Камчев, вонреден професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член и
3. д-р Љубомир Ивановски, редовен професор, Клиниката за инфективни заболувања - Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“, на 23.9.2010 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Елизабета Зисовска. Врз основа на приложената документација на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, кој беше објавен на 23.9.2010 година, за избор на наставник во насловно звање *доцент/вонреден професор* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ се пријави еден кандидат.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Елизабета Зисовска** е родена во 1959 година во Прилеп, каде завршува основно и средно образование. Во студиската 1977/78 година се запишува на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Студиите ги завршува во септември 1982 година, со просечен успех 9,5. Постдипломските студии ги завршува во 1986 година, во Скопје, со просечен успех 9,8 и со одбрана на магистерскиот труд. Специјалистичкиот испит од областа *општа педијатрија* го положува во 1989 година. На 8 јануари 1998 година ја одбранува докторската дисертација, со што се стекнува со звање *доктор на медицински науки*.

***Работно искуство***

Од јануари 1983 година е вработена на Институтот за претклиничка и клиничка фармакологија со токсикологија, а од 1 јуни 1983 година е вработена на Клиниката за гинекологија и акушерство - Одделение за новородени деца, каде и денеска работи. На Клиниката за гинекологија и акушерство во 1989 година е назначена за раководител на Отсекот за интензивна неонатална нега (1989-1992), а од 1992 година до денес е раководител на Одделението за новородени деца. Во периодот 2000-2001 година е раководител на отсек. Во 2002 година од Министерството за здравство ѝ е доделено звање примариус.

***Стручни и организациони активности***

Во периодот на нејзиното долгогодишното работење е отворена Единицата за интензивна нега и терапија и се воведени најсовремените дијагностички и терапевтски методи во неонтаологијата. Како надворешен проценител за болници-пријателки на бебињата и претседател на Националниот комитет за поддршка на доењето, таа постојано се залага за успешна имплементација на десетте стандарди за доење во породилиштето. За целиот свој работен стаж активно учествува како во стручната така и во научната работа на Одделението и Клиниката во целост. Кандидатката е стручен соработник за прашања од областа на неонатологијата во Републичкиот центар за хумана репродукција сè до неговото укинување во 2004 година. Во моментов е член на Работната група за реактивирање на тој центар и негово прераснување во Државен центар за хумана репродукција, номинирана од страна на министерот за здравство.

***Стручни престои и учество на семинари и работилници во земјава и во странство***

Кадидатката престојува во повеќе педијатриски и неонатолошки центри и завршува повеќе семинари и курсеви од областа на неонатологијата, педијатријата, перинатологијата, репродуктивната епидемиологија и јавното здравство:

- Белград (Србија) во 1984 година - студиски престој во Центарот за недоносени деца, 2 недели;
- Софија (Бугарија) во 1992 година - тримесечен студиски престој во Академската акушерска болница, со практична работа во Единицата за интензивна нега под супервизија на прим д-р Тања Дачева и проф д-р Нели Жекова;
- Амстердам (Холандија) во 1994 година - студиски тримесечен престој во Академски медицински центар, работа во Интензивната неонатална единица под супервизија на д-р Ричард де Лив и проф. д-р Јана Копа;
- Будимпешта (Унгарија) во 1995 година - студиски престој-тренинг за проценители на болници-пријателки на бебињата каде се здобива со сертификат за проценка на породилиштата;
- Салзбург (Австрија) во 1995 година - студиски престој-интензивен семинар од областа интензивна педијатрија;
- Охрид (Македонија) во 1996 година - обука во Балканската школа за ултразвук во перинатологијата со успешно положување на пропишаниот испит;
- Скопје 1997 - Семинар „Советување за доење: курс за обука“ под покровителство на УНИЦЕФ;
- Скопје 1998 - Семинар за работа со компјутерска програма OBSQUID, под покровителство на Светската здравствена организација од Женева;
- Скопје 2001 година - Семинар за раководење во областа на перинатологијата (прв и втор дел), организиран од професори од Кралската болница во Сиднеј (Австралија);
- Сиднеј (Австралија) во 2001 година - студиски престој од шест месеци, време за кое е сертифицирана од Medical board of New South Wels за клинички тренинг и самостојна работа со пациенти, со успешно полагање на испити;
- Мелбурн (Австралија) во 2001 година - Тренинг по репродуктивна епидемиологија;
- Минхен (Германија) - студиски престој, член на Експертскиот тим за рана детекција на ризични новороденчиња, обука за рана детекција и инклузија во нормални предучилишни и училишни установи на децата попречени во развојот;
- Скопје 2003 година - сертифицирана за поминат семинар за БСЖ вакцинација на Институтот за белодробни заболувања;
- Барселона (Шпанија) во 2004 година - поканет предавач-претставник на Република Македонија на Годишната конференција на националните координатори за поддршка на доењето;
- Саутемптон (Велика Британија) во 2005 година - член на Експертскиот тим на регионалната техничка консултација;
- Белград (Србија) - присуство на Првиот семинар по неонатологија (Белград, 2005);
- Кишињев (Молдавија) во 2006 година - учество на Првиот состанок како Национален координатор во Македонија за подобрување на здравјето на мајките и децата, поканет предавач;

- Катовице (Полска) во 2006 година - учество на Симпозиумот „Достигнувања во неонаталната нега и терапија“;
- Сплит (Хрватска) - учество на Работилница за совладување на методологија за изработка на протоколи, поканет предавач;
- Женева (Швајцарија) во септември-декември 2007 година - тримесечен студиски престој во централното седиште на Светската здравствена организација како координатор на Проект за изработка на драфт листа на есенцијални лекови во педијатријата. Во тој период учествува како член на техничкиот организационен секретаријат во тек на Конференцијата на Експертскиот комитет за селекција и употреба на лекови, во октомври 2007 година. Понатаму останува како консултант на СЗО за областа *лекови во педијатријата* (член на Супкомитетот за лекови во педијатријата);
- Троина (Сицилија, Италија) во ноември 2007 година - испратена од страна на Светската здравствена организација како претставник во Работната група за изработка на Клиничкото упатство за неонатални конвулзии. Членството во таа работна група продолжува и понатаму;
- Белград (Србија) во мај 2007г. - тренинг-курс за ХИВ/СИДА: клучни сознанија во дијагнозата и водењето во земјите на Југоисточна Европа,
- Трст (Италија) во јули 2007 година - двонеделен студиски престој и тренинг семинар „Јавноздравствен пристап кон здравјето на мајката и детето;
- Белград (Србија) во февруари 2008г. - присуство на Третиот семинар за исхрана на новородени деца;
- Плевен (Бугарија) 14-15 март 2008 година - поканет предавач на Првата национална конференција за доење;
- Женева (Швајцарија) во јуни 2008 година - поканет предавач-претставник на Република Македонија на Годишната конференција на Националните координатори за поддршка на доењето;
- Берн (Швајцарија) - поканет предавач на Симпозиум за подобри лекови во педијатријата (pre-ICDRA);
- Женева (Швајцарија) во период септември-ноември 2008 година - двомесечен студиски престој како консултант на Светската здравствена организација (Department Making pregnancy safer) во процесот на ревизија на протоколите во неонатологијата. Во тој период учествува како советник во тек на Technical consultation on Postpartum and postnatal care, 29-31 October, 2008;
- Женева (Швајцарија) од 29.9 - 3.10.2008 г. присуство на Вториот состанок на поткомитетот за лекови во педијатријата, како поканет предавач-Temporary adviser на СЗО за лекови во педијатријата;
- Скопје, 7-11 јануари 2009 година - состанок на тема Reproductive health meetings from Balkans to China;
- Женева (Швајцарија) 23-27 март 2009 година - активно учество на 17-тиот состанок на Експертскиот комитет за лекови како Temporary adviser на СЗО за лекови во педијатријата;
- Софија (Бугарија) во периодот 8-11 март 2009 година на Третиот регионален состанок на националните координатори за подобрување на матерналното и неонаталното здравје, поканет предавач-претставник од Македонија;
- Скопје, 5-8 мај 2009 година - Тренинг курс за креирање на Стратегија за перинаталното здравје во Македонија, Design a safe motherhood Quality of care (QoC) Study, CRED Foundation, воден од швајцарска агенција;
- Амстердам (Холандија) во октомври 2009 година - поканет предавач во склоп на првиот StarR Children, Состанок за етичко спроведување на клиничките истражувања во педијатријата;
- Осло (Норвешка) во декември 2009 година - поканет претставник од Македонија на Четвртиот регионален состанок на нациопналните координатори за подобрување на матерналното и неонаталното здравје, со презентација за моменталната состојба во земјава;

– Дателн (Германија) 17-24 јули 2010 година - поканет предавач со тема „Неонатолошката здравствена заштита во Република Македонија“, во склоп на стручен студиски престој за размена на знаењата.

*Учество во проекти*

– Имплементација на Проектот „Болници-пријателки на бебињата“ - член на меѓународна група, национален координатор (носител) за Република Македонија;
– Одредување на HBsAG и HIV антитела во крв на папочна врвца на новородени (1997-1999)-носител, национален координатор;
– Maternity Advice Study Group-Global Strategy for SIDS, член на меѓународна студиска група, национален координатор за Македонија (1998-2000);
– Билатерален проект на Светска банка и Министерството за здравство на Република Македонија - член на Националниот неонатален управувачки комитет;
– Проект за Унапредување на згрижувањето и третманот на деца со пречки во развојот (заеднички проект на Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и Германското друштво за техничка соработка, член на Координативното тело);
– Национален проект-менаџер од Македонија за Проектот „Зајакнување на капацитетите за подобрување на мајчиното и неонаталното здравје“ во земјите од Југоистолна Европа;
– Национален проект „Безбедно мајчинство“ во соработка на Министерството за здравство и Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, тим-лидер за неонатологија;
– Проект за имплементација на медицина базирана на докази (претставник за перинатологија, номинирана од министерот за здравство);
– Воведување на новите стандарди и криви за раст и развој на доенчињата (РЗЗЗ Скопје) член на раководниот тим.

*Членство во стручни здруженија*

– Активен член на Здружението на неонатолози;
– Активен член на Здружението на педијатри;
– Заменик-претседател на Асоцијацијата по перинатална медицина;
– Член и еден од основачите на Здружението за контрола на интрахоспиталните инфекции на Македонија;
– Член на Националниот комитет за ресусцитација,
– Член на Европското здружение за интензивна нега (ЕСИЦМ);
– Претседател на Националниот комитет за доење;
– Член на Координативното тело за промоција и поддршка на доењето на Клиниката за гинекологија и акушерство,
– Член на Координативното тело за рана детекција и диојагноза на деца со пречки во развојот;
– Советник во Поткомитетот за есенциелни лекови во педијатријата кој работи во склоп на Светската здравствена организација (Женева);
– Надворешен консултант по неонатологија во Секторот за перинатологија (Department Making pregnancy safer) во Женева;
– Член на Комитетот за безбедно мајчинство (Министерство за здравство и УНИЦЕФ);
– Член на Работната група за изработка на Стратегија за незаразни болести во Република Македонија,
– Член на Експертскиот тим за развој на протокол за неонатални конвулзии, Колаборативен СЗО центар, Сицилија-Италија;
– Член на раководниот тим за воведување на новите стандарди и криви за раст и развој на доенчињата (РЗЗЗ Скопје).

***Наставни активности***

- За првпат е избрана во звањето *асистент* по предметот Педијатрија во март 1991 година, оттогаш два пати е резибрана во истото звање (1995 и 1998 година) и редовно и активно ги држи вежбите за студентите по општа педијатрија;
- Во 2004 година е избрана за *научен работник* од областа *педијатрија*;
- Во мај 2009 година е промовирана во *виш научен соработник* на Катедрата по педијатрија при Медицинскиот факултет (УКИМ), приложена рецензија во Билтен број 962 од 15 април 2009 година;
- Од учебната 2008/2009 година па до денес е ангажирана како *насловен доцент* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип;
- Редовно учествува со свои предавања на семинарите по неонатологија и интензивна нега, кои се одржуваат на Клиниката за детски болести;
- Пет години била предавач на специјализантите по гинекологија и акушерство за прашања од областа на неонатологијата и перинатологијата;
- Од 2001 година е национален едукатор (сертифицирана од Министерството за здравство и Македонско лекарско друштво) од областа неонатологија;
- Во април 2002 година била предавач на Семинарот по анестезија и ресусцитација (сесија Мајка и дете) под покровителство на Европската асоцијација по анестезија и реанимација;
- Член на Работната група за рана детекција и дијагностика на деца со пречки во развојот била предавач на семинарите одржани во склоп на проектот „Унапредување на згрижувањето и третманот на деца со пречки во развојот".
- Организатор, координатор и едукатор на семинарите наменети за членовите на Координативните тела за поддршка на доењето од сите породилишта во Република Македонија (вкупно 22 семинари);
- Одржала неколку предавања за патронажните здравствени работници во организација на Здравствен дом-Скопје;
- Едукатор во Клинички центар во модулите за едукација на членовите на болничките тимови за контрола на интрахопситалните инфекции;
- Поканет предавач во медицинските центри во Струмица и во Прилеп;
- Одржала предавања во склоп на перинатолошката секција кои се вреднувани како дел од КМЕ за перинатолози;
- Редовно одржува предавања за студенти на постдипломските студии по јавно здравство, во модулот Популациони здравствени потреби;
- Предавање на промотивно-едукативна средба организирана од ГТЗ-канцеларијата во Скопје на тема „Дозирање на очекувањата во единиците за интензивна нега и терапија-реалност или имагинација" во мај 2008 година;
- Во тек на 2010 година се одржани три предавања на семинари во Велес, Штип и Охрид во склоп на отворањето на центри за следење на растот и развојот кај високоризичните новородени деца;
- Рецензент на четири магистерски труда и две докторски дисертации;
- Член на Комисија за одбрана на една магистерска тема и на една докторска десертација;
- Ментор е на пет студентски теми, од кои четири се презентирани на Конгресот на студенти по медицина и стоматологија, а едниот на Меѓународниот научен конгрес на студенти во Берлин, каде добива прва награда на сесијата по перинатална медицина;
- Во моментот е ментор на една магистерска тема;
- Од страна на Лекарска комора е избрана за испитувач за стручниот испит на дипломирани доктори по медицина.

Активно се служи со англискиот, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик и базично ги познава францускиот, шпанскиот, грчкиот и романскиот јазик. Кандидатката завршува компјутерски курсеви со сертификат за Windows, Word, Microsoft Access.

***Научно-публицистичка активност***

- Презентирани и/или објавени се 213 стручно-научни труда од обласа на педијатријата, неонатологијата, педијатријата и јавното здравство, кои се презентирани во земјава и во странство. Авторски се 129 труда, а останатите се коавторски. Издадени се и 15 публикации, од кои 9 авторски и 6 коавторски. Во претходните избори и реизбори се рецензирани 111 труда, а за оваа рецензија се доставени 64 труда, за кои следи евалуација.
- Трудовите со реден број **1-23** се рецензирани при постапката за избор во звањето асистент по предметот Педијатрија во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ под број 549 од 25.12.1990 година.
- Трудовите со реден број **24-31** се рецензирани при постапката за реизбор во звањето асистент по предметот Педијатрија во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ под број 629 од 13.12.1994 година.
- Трудовите со реден број **32-50** се рецензирани при постапката за втор реизбор во звањето асистент по предметот Педијатрија во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ под број 702 од 27.2.1998 година.
- Докторската дисертација на тема „Родилна асфиксија и постасфиктични промени кај новороденчето“ е рецензирана и мислењето на Рецензентската комисија е објавено во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од 16.7.1998 година.
- Трудовите со реден број **51-67** се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ под број 733 (втор дел) од 21.5.1999 година.
- Трудовите со реден број **68-89** и монографијата „Родилна асфиксија“ се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ под број 806 од 14.6.2002 година.
- Трудовите со реден број **90-92** се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ под број 818 од 8.1.2003 година.
- Трудовите со реден број **93-111** се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ под број 847 од 15.3.2004 година е даден предлог за избор во **научен соработник.**
- Трудовите со реден број **112-181** се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ под број 962 од 15.4.2009 година и е даден предлог за избор во звање **виш научен соработник** (копија од Билтенот доставена во прилог).

*Список на трудови рецензирани до број 181 во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за избор во асистент, научен соработник и виш научен соработник*

1. **АЦТХ и кортизол во плазмата на женски и машки испитаници.** Георгиевска Е. (ментор Доц д-р О. Никодијевиќ). XXII Конгрес на студенти по медицина, Врњачка Бања, 435, 1980.
2. **C-AMP во плазмата на пациенти со бронхијална астма.** Георгиевска Е. (ментор Доц д-р О. Никодијевиќ). XXIII Конгрес на студенти по медицина, Сараево, 75; 1981.
3. **Ниво C-AMPа у плазми пацијената за уртикаријелчним кожно-слузокожним променама**. Георгиевска Е. (ментор доц д-р О. Никодијевиќ). XXIV Конгрес на студенти по медицина, Долни Милановац, 43, 1982.
4. **Нашите досегашни резултати кај прематуруси со оглед на РТ и породувањето**. Антова Н, Секуловски В, Георгиевска Е. Зборник на трудови, Гинеколошко-акушерска секција при СЗЛМ, Скопје, 1984.
5. **Особености на хомеостазата кај прематурус**. Георгиевска Е. Зборник на трудови, Гинеколошко-акушерска секција при СЗЛМ, Скопје, 1984.
6. **Haemorrhagio intracranialis кај недоносеното**. Георгиевска Е, Андоновска В. Зборник на трудови, V Гинеколошко-акушерски денови, Охрид; 1985.
7. **Породилна траума при програмирани породувања**. Адамова А, Ќурчиев К, Јуруковски Ј, Георгиевска Е. Зборник на трудови, V Гинеколошко-акушерски денови, Охрид; 1985.
8. **Асфиксија и хипербилирубинемија**. Кел-Коцев Георгиевска Е, Андоновска В, Васкова П. Зборник на трудови, V Гинеколошко-акушерски денови, Охрид, 89; 1985.

9. **Анализа на раната неонатална смртност на ГАК во Скопје во 1982-1986.** Антова Н, Георгиевска Е, Андоновска В, Јосифова Д. Новини во медицината, Скопје, 1987.
10. **Значењето на минор малформациониот скор во раното откривање на конгенитланите аномалии и хромозомските аберации**. Георгиевска Е. Магистерски труд, Медицински факултет, Скопје, 1986.
11. **Ран неонатален морталитет кај новородени со ацидоза**. Зисовска Е, Андоновска В, Васкова П. Зборник на трудови, VI Гинеколошко-акушерски денови, Битола; 1987.
12. **Ран неонатален морталитет кај новородени со ЕТР**. Кел-Коцев И, Васкова П, Зисовска Е. Зборник на трудови, VI Гинеколошко-акушерски денови, Битола; 1987.
13. **Неонатален морталитет кај недоносени со родилна тежина под 1500 грама**. Андоновска В, Зисовска Е, Кел-Коцев И. Зборник на трудови, VI Гинеколошко-акушерски денови, Битола; 1987.
14. **Хромозомске аберација код новорођенчади**. Георгиевска Е. Зборник радова, III Конгрес педијатрије, Приштина, 455, 1987.
15. **Клиничко прифаќање и транспорт на недоносени на Детска клиника-Скопје**. Николова Т, Пота Л, Пиперкова К. Македонски медицински преглед, Скопје, 1987.
16. **Морбидитет и морталитет новорођенчади од порођаја царским резом**. Зисовска Е, Враготеров Ј, Ќурчиева А, Лазарова Н. Зборник радова Секције за перинаталну медицину СЛД, Београд, 1989.
17. **Исход на новородени породени од мајки со плацента превиа.** Враготеров Ј, Зисовска Е, Ќурчиева А. Зборник радова Секције за перинаталну медицину СЛД, Београд, 1989.
18. **Антибиотици во неонаталниот период**. Лазарова Н, Ќурчиева А, Бабушку Ј, Зисовска Е. Зборник радова Секције за перинаталну медицину СЛД, Београд, 1989.
19. **Исход на новородени со мала тежина на раѓањето**. Зисовска Е, Ќурчиева А, Враготеров Ј, Лазарова Н. Зборник на трудови на VI Педијатриски денови, Охрид, 1990.
20. **Исход на новородени од мајки со еклампсија породени со царски рез**. Враготеров Ј, Ќурчиева А, Зисовска Е, Лазарова Н. Зборник на трудови на VI. Педијатриски денови, Охрид, 1990.
21. **Исход на новородени со фактори на ризик**. Лазарова Н, Ќурчоева А, Зисовска Е, Враготеров Ј. Зборник на трудови на VI Педијатриски денови, Охрид, 1990.
22. **Морбидитет и морталитет на новородени породени од ЕПХ гестоза.** Ќурчоева А, Лазарова Н, Зисовска Е, Враготеров Ј. Зборник на трудови на VI. Педијатриски денови, Охрид, 1990.
23. **Дејство на лековите врз прематурното дете.** Зборник на апстракти, Симпозиум за хумана репродукација. Зисовска Е. Скопје, 1989.
24. **ЕТР како терапевтска мерка во лечењето на хипербилирубинемијата кај новородени деца.** Зисовска Е. Зборник на трудови по повод 45 години од постоењето на ГАК Скопје, 1992.
25. **Учество на конгениталните аномалии во раната неонатална смртно**ст. Зисовска Е, Поп-Лазарова М. Зборник на трудови, IX Гинеколошко-акушерски денови, Отешево, 23; 1993.
26. **Инциденца, сезонски варијации и структура на конгениталните аномалии**. Поп-Лазарова М, Зисовска Е. Зборник на трудови, IX Гинеколошко-акушерски денови, Отешево, 20; 1993.
27. **Структура на перинаталниот морталитет на ГАК Скопје**. Зисовска Е. Педијатриска секција, Тетово, 1993.
28. **Респираторен дистрес синдром кај новороденоито** **дете**. Зисовска Е. Публикација: Семинар по неонатологија, Скопје 1993.
29. **Артрогрипоза на наш материјал**. Зисовска Е, Враготеров Ј, Поп-Лазарова М. Зборник на трудови на VII Конгрес на педијатрите, Струга, 1994.
30. **Haemangioma hepatic-приказ на случај**. Поп-Лазарова М, Зисовска Е, Андоновска В, Враготеров Ј. Зборник на трудови на VII Конгрес на педијатрите, Струга, 1994.

31. **Congenital rhabdomyoma of heart**. Спасевска Л, Николовска Б, Јаневска В, Банев С, Ристовски М, Зисовска Е. Зборник на трудови, V Национален конгрес по патологија, Софија, 1994.
32. **Early neonatal mortality rates on Department of Obstetrics and Gynecology in Skopje.** E.Zisovska, J.Vragoterov, M.Pop-Lazarova. Зборник на резимеа, VII Национален конгрес по акушерство и гинекологија, Китен Бугарија, 42, 1994.
33. **Surviving of the newborns with low birthweight.** E.Zisovska, J.Vragoterov, M.Pop-Lazarova. Зборник на резимеа, VII Национален конгрес по акушерство и гинекологија, Китен Бугарија, 43, 1994.
34. **Creatine kinase isoenzymes in serum of healthy full-term infants.** B.Todorova, S.Alabakovska, S.Dzekova-Stojkova, E.Zisovska**.** Balkan Journal of Clinical Laboratory, 1995.
35. **Clinical aspects of the chromosomal abnormalities.** E.Zisovska. Зборник на трудови, Педијатриски денови, Ниш, 1996 година.
36. **CK-BB isoenzyme activity in healthy and asphyxiated full-term newborns**. S.Alabakovska, B.Todorova, E.Zisovska, M.Bogdanova.Proceedings of the XVI ICCC, London, A-45, 1996.
37. **CNS outcomes associated by mode of delivery in the preterm infant.** V.Dimitrov, A.Blazevski, E.Zisovska. 3rd World Congress of Perinatal Medicine, San Francisko, 49, 1996.
38. **Perinatal asphyxia and postasphyxial encephalopathy.** E.Zisovska, J.Vragoterov, V.Dimitrov, A.Blazevski 3rd World Congress of Perinatal Medicine, San Francisko, 104, 1996.
39. **Haemorrhagio intracranialis and prematurity**. E.Zisovska, J.Vragoterov. Intensive Care Medicine, Volume 22, Suppl 2, 1996.
40. **Hyaline membrane disease and the early neonatal mortality.** E.Zisovska, J.Vragoterov, S.Kurciski, M.Pop-Lazarova, V.Andonovska. XV Перинатални дани, ХЛЗ, Загреб, 1996.
41. **Повеќеплодна бременост и прематуритет.** Зисовска Е, Ивановски М, Аврамовска В. Научен симпозиум по акушерство, Китен, Бугарија, 1996.
42. **Оперативно завршување на раѓањето кај повеќеплодна бременост.** Димитров В, Ивановски М, Зисовска Е. Научен симпозиум по акушерство, Китен, Бугарија, 1996.
43. **Перинаталната асфиксија како потенцијален извор на деца попречени во психомоторниот развој.** Зисовска **Е. Дефектолошка теорија и практика, тримесечно списание, УДК 376, Скопје, 1996.**
44. **Ризик од инфекција и сепса кај новородени со руптуриран воденик над 24 часа.** Поп-Лазарова М, Зисовска Е, Враготеров Ј, Јанчевска С, Андоновска В. Зборник на апстракти, II Македонско-бугарски денови, Охрид, 38; 1996.
45. **Структура на РНС кај недоносени новородени со амла родилна тежина.** Зисовска Е, Враготеров Ј, Поп-Лазарова М, Андоновска В**.** Зборник на апстракти, II Македонско-бугарски денови, Охрид, 74; 1996.
46. **Морфогенетски нарушувања кај недоносени со многу мала родилна тежина.** Зисовска Е, Враготеров Ј, Поп-лазарова М, Андоновска В**.** Зборник на апстракти, II Македонско-бугарски денови, Охрид, 85; 1996.
47. **Асфиксија и постасфиктични промени кај хипотрофични деца**. Зисовска Е, Ќурчиски С, Враготеров Ј, Поп-лазарова М, Димески Д, Манчевска Ј. Зборник на апстракти, I македонско-југословенски денови, Маврово, 54, 1996.
48. **Морбидитет и морталитет кај новородени со интраутерин застој на растот**. Враготеров Ј, Зисовска Е, Ќурчиски С, Поп-лазарова М, Андоновска В. Зборник на апстракти, I Македонско-југословенски денови, Маврово, 57, 1996.
49. **Антропометриски параметри кај новородени со интраутерин застој во растот**. Манчевска Ј, Зисовска Е, Ќурчиски С, Враготеров Ј, Поп-Лазарова М. Зборник на апстракти, I Македонско-југословенски денови, Маврово, 61, 1996.
50. **Prematurity and Early neonatal mortality rate.** Zisovska E**.** International Child Health:A digest of current information, 53, 1996 na Internet Web: www.urmc.rochester.edu/IPA/pubs/inches/inch7-2/ziv

51. **Новородени со дискордантност во интраутериниот раст кај повеќеплодна бременост.** Поп-Лазарова М, Зисовска Е, Адамова Г, Попоска Л, Јованова Д. Зборник XLI Гинеколошко-акушерска недеља СЛД, Београд, 5-6 јун 1997.
52. **Тераписки ефект на некои антибиотици во лечењето на конаталната сепса**. Зисовска Е и сор. Македонски медицински преглед, Зборник на резимеа, Охрид, 52:31, 109, 1997.
53. **Проценка на феталниот срцев, венски и артериски крвен проток кај СГА во корелација со крвните гасни анализи.** Димески Д, Борги А, де Томаси М, Зисовска Е, Врагоптеров Ј, Димеска Е. Зборник на апстракти, I Македонско-југословенски денови, Маврово, 58, 1996.
54. **Бактериска колонизација и инфекција**. Зисовска Е, Враготеров Ј, Поп-Лазарова М. Македонски медицински преглед, Зборник на резимеа, Охрид, 52:31, 97, 1997.
55. **Епидемиолошко-генетски аспекти на конгениталната адренална хиперплазија во Република Македонија**. Кочова М, Крстевска М, Шукарова Е, Поповска С, Зисовска Е. Македонски медицински преглед, Зборник на резимеа, Охрид, 52:31, 36, 1997.
56. **Ексангвинотрансфузијата како тераписка метода кај новородените деца (88-97).** Поп-лазарова М, Зисовска Е, Враготеров Ј, Јанчевска С, Андоновска В, Манчевска Ј. Македонски медицински преглед, Зборник на резимеа, Охрид, 52:31, 27, 1997.
57. **Evaluation of fetal cardiac dysrrhytmias with fetal echocardiography.** Dimeski D, Vragoterov J, **Zisovska B**, Arone V,De Tommasi M, Pirozzi I. Abstract book, International simposium Progress in cardiac pacing and management of cardiac arrhythmias,Ohrid,October 1-4, 1998.
58. **Хомеостатски пореметувања кај прематурните деца**. Зисовска Е, Поп-Лазарова М, Враготеров Ј, Димески Д. Зборник на апстракти, Прв конгрес на гинеколози и опстетричари, 113, 1998.
59. **Конгенитални аномалии кои бараат итна хируршка интервенција**. Зисовска Е, Поп-Лазарова М, Манчевска Ј, Андоновска В. Зборник на апстракти, Прв конгрес на гинеколози и опстетричари, 187, 1998.
60. **Значењето на кортикостероидната терапија врз перинаталниот исход кај преттермински породени деца**. Ивановски М, Адамова Г, Зисовска Е, Тофоски Г, Оровчанец Н. Зборник на апстракти, Прв конгрес на гинеколози и опстетричари, 113, 1998.
61. **Вредности на Апгар и ацидозен скор во проценката на перинаталната асфиксија кај предвремено породени деца.** Зборник на апстракти, Прв конгрес на гинеколози и опстетричари, 110, 1998.
62. **Промени на ЦНС кај новородени со РТМ испод 2500 г**. Димитров В, Блажевски А, Зисовска Е. Зборник на апстракти, Прв конгрес на гинеколози и опстетричари, 125, 1998.
63. **Евалуација на ретинол во серум од папочна крв кај прематурни новородени деца**. Јанчевска С, Манчевска Ј, Зисовска Е, Враготеров Ј. Зборник на апстракти, Прв конгрес на гинеколози и опстетричари, 133, 1998.
64. **Близнаци со дискордантен раст и прематуритет**. Поп-Лазарова М, Зисовска Е, Враготеров Ј, Јанчевска С, Андоновска В, Манчевска Ј, Димески Д. Зборник на апстракти, Прв конгрес на гинеколози и опстетричари, 137, 1998.
65. **Значењето на одредени биохемиски параметри во евалуацијата на прематуритетот**. Тодоровски Ц, Џиков З, Тофоски Ј, Џајкова О, Дракулески С, Антов Г, Зисовска Е. Зборник на апстракти, Прв конгрес на гинеколози и опстетричари, 138, 1998.
66. **Cardiovascular problems in the fetus.** Dimeski D, J.Vragoterov, E.Zisovska, J.Mancevska, M.Pop-Lazarova. Зборник на апстракти, Прв конгрес на гинеколози и опстетричари, 194, 1998.
67. **Конгенитална адренална хиперплазија (21 хидроксилаза дефект) кај новородени-рана детекција и лекување.** Кочова М, Крстевска М, Гучев З, Шукарова Е, Зисовска Е. Зборник на апстракти, Прв конгрес на гинеколози и опстетричари, 197, 1998.

68. **Minor Malformation Score and its association with the major Congenital Anomalies.** Zisovska E**.** Abstract Book, XXI International Congress Of Pediatrics, Kairo, september 1995.
69. **Asphyxia and postasphyxial encephalopathy in Full term infants**. Zisovska E, Vragoterov J. Abstract Book, XXI International Congress Of Pediatrics, Kairo, september 1995.
70. **Early neurological signs in full term infants following birth asphyxia.** Zisovska E, Vragoterov J, Andonovska V, Pop-Lazarova M, Dimeski D, Mancevska J, Alabakovska S. The IPA World Congress, Abstract book, Amsterdam 9-14 August, P424, 1998.
71. **Pharmacologic study of fetal supraventricular tachyarrhythmias.** Dimeski D, Vragoterov J, Mancevska J, Zisovska E, Pop-Lazarova M, Jancevska S. The IPA World Congress, Abstract book, Amsterdam 9-14 August, FR-FP1-1, 1998.
72. **Neurological aaspects of birth asphyxia.** Zisovska E, Pop-Lazarova M, Vragoterov J, Dimeski D, Andonovska V, Mancevska J. 4 th World Congress of perinatal medicine, Buenos Aires, April 18-22, P035, 1999.
73. **The mode of delivery in twin pregnancies.** Ivanovski M, Adamova G, Zisovska E, Tofoski G. 4 th World Congress of perinatal medicine, Buenos Aires, April 18-22, P193, 1999.
74. **Fetal complete atrioventricular block: Perinatal outcome.** Dimeski D, Vragoterov J, Zisovska E, Arin V at all: 4 th World Congress of perinatal medicine, Buenos Aires, April 18-22, P292, 1999.
75. **Glycostasis and prematurity.** Zisovska E, M.Pop-Lazarova, C.Todorovski, J.Vragoterov. IFCC-Worldlab, 17-th International and 13-th European Congress of Clinical Chemistry and Laboratory Medicine, Firenze, Italy, 6-11 June, W410, 1999.
76. **Клиничко-невролошки наод кај новородените во раниот неонатален период**. Трудот е презентиран на едукативниот семинар по неонатологија за специјализанти и постдипломци при Клиниката за детски болести, а е печатен во целост во публикацијата „Сегменти од неонаталната проблематика“, Скопје, БОНА стр 29-39, 1999.
77. **Хомеостаза на калциумот и магнезиумот кај новородените деца**. Зисовска Е, Враготеров Ј, Поп-Лазарова М. Македонски медицински преглед, год 52, број 5-6, стр. 171, 1998
78. **Одредување на HbsAg и HIV антитела кај новородени деца.** Зисовска Е. Македонски медицински преглед, Зборник на апстракти од XV Конгрес на лекароте на Македонија, страна 56, Охрид, 6-10 октомври 1999.
79. **Стафилококни неонатални инфекции.** Манчевска Ј, Зисовска Е, Поп-Лазарова М. Зборник на апстракти од XV Конгрес на лекарите на Македонија, стр. 92, Охрид 6-10, октомври 1999.
80. **Ултразвучна дијагностика на септичен артритис во новороденачка возраст**. Попоска А, Зисовска Б, ЃуковиЌ Е. Зборник на апстракти од XV Конгрес на лекарите на Македонија, стр. 27, Охрид 6-10, октомври 1999.
81. **Early determinants of birth asphyxia.** Zisovska E, Vragoterov J. Perinatal Society of Australia&New Zealand, 4-th Annual Congress in conjunction with the Australian Neonatal Nurses Association, 7-th Annual Conference, Brisbane, Australia, P63, 12-15 March 2000.
82. **Maternity Advice Survey: sleeping position in Eastern Europe.** Nelson E A S, Serra A, Cowan V, Mangiaterra V and MAS Study Group, WHO EURO Region (Zisovska-Macedonia).Arch Dis Child 2000; 83 (4): 304-6.
83. **Рани детерминанти на родилна асфиксија.** Зисовска Е. Зборник на резимеа, Прв семакедонски конгрес на лекарите, стоматолозите и фармацевтите. Министерство за иселеништво, стр. 148, Охрид 27-30 јули, 2000.
84. **Birth asphyxia-how to diagnose it.** Adamova G, Zisovska E, Ivanova D, Ivanovski M, Orovcanec N. Book of Abstracts of XVI FIGO World Congress, p.120, Washington, September 3-8 2000,
85. **Short Rib Polydactily Syndrome 1 - Saldino Noonan.** Trajkovski Z, **Zisovska E**, Ristovski M, Temelkovska S. Book of Abstracts, The 5-th International Skeletal Dysplasia Meeting, P17, Oxford, September 2001.

86. **Перинатолошки податоци за состојбата во Македонија**. Зисовска Елизабета. Работилница за перинатолошка здравствена заштита во Македонија, УНИЦЕФ, Скопје, јули 2001.
87. **Glucose disturbances in postasphyxiated term infants.** Zisovska E. 5-th World Congress of Perinatal Medicine, J Perinat Med 29 (2001) Suppl 1, Part 2, p474.
88. **Apgar score-is it enough for diagnose of birth asphyxia?** Adamova G, Zisovska E, Ivanova D, Ivanovski M, Stojovski M. 5-th World Congress of Perinatal Medicine, J Perinat Med 29 (2001) Suppl 1, Part 2, p472.
89. **Родилна асфиксија.** Зисовска, Елизабета М. Монографија. Скопје, Менора 1999, 122 страни, ISBN 9989-632-51-0.
90. **Имплементација на Проектот за намалување на неонаталната смртност - местото на Клиниката за гинекологија и акушерство во Проектот**. Зисовска Е. Медицина, Зборник на стручни активности, стр. 118-121, Скопје, април 2002.
91. **Неонатална физиологија**. Зисовска Елизабета. Зборник: „Мајка и дете - несакани дејства“. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, МЛД, ЗЛАРИЛ, Европска асоцијација на лекарите по анестезија, реанимација и интензивно лекување, стр. 216-220, Дојран 19-21 април 2002.
92. **Changes in the organization of Neonatal Care Services in Macedonia.** Zisovska E, Pop-Lazarova M, Mancevska J, Tofoski J, Petkovska E, Pehcevska N. Spasova L. 13-th Annual Congress of ESPNIC, Ljubljana, June 2002.
93. **Деца родени со ризик**. Зисовска Елизабета. Објавено во целост во публикација издадена од Министерството за труд и социјална политика и Германското друштво за техничка соработка, ноември 2002.
94. **Меконијална околуплодова вода како фактор на ризик за исходот на новородените деца**. Зисовска Е, Пехчевска Н, Спасова Л. Зборник на апстракти, Конгрес на лекарите на Република Македонија спо меѓународно учество, Р ПО 49, стр 60, Охрид, 4-7 јуни 2003.
95. **Полицитемија кај новороденото**. Пехчевска Н, Зисовска Е, Спасова Л. Конгрес на лекарите на Република Македонија спо меѓународно учество, СП 71, стр 137, Охрид, 4-7 јуни 2003.
96. **Современи методи на медицинска едукација-перинатален тренинг во КМЕ Центар Чаир-Скопје**. Поп-Лазарова М, Фидановски Д, Зисовска Е, Живковиќ Ј, Зип М, Царлиева М, Софијанова А. Конгрес на лекарите на Република Македонија спо меѓународно учество, Р СП 261, стр 189, Охрид, 4-7 јуни 2003.
97. **Примарна реанимација -** пленарно предавање. Зисовска Елизабета. Зборник на апстракти и трудови, III Конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, стр 87-90, Охрид, 9-13 септември 2003 година.
98. **Зошто не рутинска гастрична сукција кај здрави доносени деца**. Јанчевска С, Зисовска Е, Поп-Лазарова М, Живковиќ Ј, Петковска Е, Пехчевска Н, Спасова Л. Зборник на апстракти и трудови, III Конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, стр 115, Охрид, 9-13 септември 2003 година.
99. **Редукција на потребата од ЕТР како резултат на имплементацијата на новите протоколи во третманот на хипербилирубинемијата кај новородените деца**. Поп-Лазарова М, Живковиќ Ј, Пехчевска Н, Зисовска Е, Спасова Л, Јанчевска С, Петковска Е,. Зборник на апстракти и трудови, III Конгрес на педијатрите на Македонија со интернационално учество, стр 115, Охрид 9-13 септември 2003 година.
